А0070

НОВА МАКЕДОНИЈА 23. VII. 1993, 16703, 9.



Галеријата „Никола Мартиноски“ во Крушево

ДВАЕСЕТ И ПЕТ ГОДИНИ НА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА „НИКОЛА МАРТИНОСКИ“ ВО КРУШЕВО

# Репрезентативна културна институција

● Уметничката галерија годишно ја посетуваат по неколку илјади посетители

КРУШЕВО. – На 2 август годинава се навршуваат две ипол децении од како во Крушево се формира Уметничката галерија на создавачот на современата македонска ликовна уметност Никола Мартиноски. Всушност, во август 1968 година кога македонскиот народ ја одбележуваше 65 годишнината на Илинденското востание и Крушевската Република, во родното Крушево на уметникот, поетот Славко Јаневски свечено ја отвори Уметничката галерија со дела на Никола Мартиноски – прв македонски академски сликар и основач на македонското современо сликарство. Вредноста на Галеријата станува уште позначајна ако се има предвид дека е сместена во една од најубавите куќи со староградска македонска архитектура од XIX век. Никола Мартиноски на своите сограѓани им подари 62 експонати од кои 39 масла, три темпери и 20 цртежи. Крушевчани пак, на својот сограѓанин – Мартиноски му се оддолжија со тоа што ова непроценливо богатство од шеесеттина творби го претворија во галерија. Во просториите на оваа најстара крушевска куќа се изложени сите тие дела на основоположникот и најизразитиот претставник на македонското уметничко сликарство. Тоа придонесе Уметничката галерија на Никола Мартиноски да претставува една од најрепрезентативните културни институции во нашата република. Изложените дела настанати меѓу 1928 и 1968 година претставуваат уникатна колекција што служи како основна јатка за проучување на творештвото на овој истакнат уметник.

Инаку, од година во година, сé повеќе и повеќе расте интересот за уметничките дела на Никола Мартиноски. Оваа куќа веќе стана храм на уметноста затоа што секој ден има по неколку десетици па и стотици посетители од републиката, земјата и странство кои со внимание ги разгледуваат изложените експонати. Покрај индивидуалните посети, доаѓаат и цели групи посетители кои со вонредно големо интересирање го следат стручното излагање на кустосот Ленче Негриеска за ова навистина големо творештво на доајенот на македонското сликарство.

Уметничката галерија на Никола Мартиноски годишно ја посетуваат по неколку илјади посетители. За некои поинтересни дела на уметникот произлегуваат и различни прашања. А најчесто заинтересираните бараат објаснувања за врвното уметничко дело „Доилка“, потоа и за „Мајката на авторот“, „Свадба“, „Приемен ден во Крушево“ и т.н. Интересно е да се истакне дека во одаите на Галеријата посебно се изложени сликите со крушевски мотиви. Имено преку овие дела се прикажуваат крушевските ентериери, луѓето и нивните обичаи во своите стари градски облеки и т.н. Тоа се: „Стариот убав костим“, „Плетење“, „Крушевски ентериери“, „Свадба“, „Приемен ден во Крушево“, кои трудови всушност датираат од 1946 до 1960 година. Од тие причини не е исклучено и присуството на крушевчани во Галеријата особено од страна на средношколската, ученичката и студентската младина. Во 1990 година пак, колекцијата е збогатена со уште неколку слики добиени како подарок од неколку институции во Македонија.

Сето тоа ни говори дека постоењето на Уметничката галерија на Никола Мартиноски во Крушево претставува историски придонес исклучителен за развојот на културата. Инаку, во чест на 90 годишнината од раѓањето на Мартиноски и 20 години од неговата смрт, годинава во Галеријата беше отворена изложба на слики чии сопственици се исклучиво крушевчани.

А. Димитроски